РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

# ПОПИС НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, 2007

# МЕТОДОЛОШКО УПАТСТВО ЗА ПОПИШУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИТЕ СУБЈЕКТИ

Скопје, 2007 година

## СОДРЖИНА:

**Вовед** ............ 5

**I. Основни карактеристики и организација на пописот** ............ 5
Основни карактеристики на пописот ............ 5
Одделни поими кои се употребуваат во ова методолошко упатство ............ 6
Организација на пописот ............ 6

**II. Единици кои се попишуваат** ............ 7

**III. Критичен момент на пописот, начин на попишување и инструменти за прибирање на податоците и заштита на податоците од пописот** ............ 7

**IV. Пополнување на прашалникот ЗЕМ.П.2** ............ 7
1. Идентификациони податоци ............ 8
2. Податоци за седиштето ............ 8
3. Останати податоци ............ 8
4. Користено земјоделско земјиште на деловниот субјект ............ 9
5. Вкупен број на одвоени делови на користено земјиште ............ 9
6. Користени ораници и бавчи ............ 10
7. Овоштарници ............ 10
8. Лозја ............ 10
9. Ливади ............ 10
10. Пасишта ............ 10
11. Расадници, вкупно ............ 10
12. Шумско земјиште ............ 10
13. Друго земјиште ............ 10
14. Вкупно земјиште со кое располага деловниот субјект ............ 11
15. Површини на користени ораници и бавчи ............ 11
16. Зеленчук, цвеќе и украсни растенија ............ 11
17. Меѓупосеви, потпосеви и дополнителни посеви на ораниците и бавчите ............ 11
18. Овоштарници ............ 12
19. Лозја ............ 12
20. Добиток по видови и по категории ............ 12
21. Објекти за сместување на добиток и живина ............ 14
22. Објекти за сместување на органско ѓубриво ............ 14
23. Други објекти на деловниот субјект ............ 14
24. Ѓубрење ............ 15
25. Заштита на растенијата ............ 15
26. Механизација и опрема на деловниот субјект ............ 15
27. Земјоделски услуги ............ 16
28. Преработка на земјоделски производи ............ 16
29. Наводнувани површини ............ 16
30. Најчест начин на наводнување ............ 17
31. Најчести извори на вода за наводнување ............ 17
32. Вработени според школската подготовка, возраста и полот ............ 17
33. Вработени според работните часови ............ 18
34. Потрошувачка на енергенти ............ 19
35. Дали имате котлара ............ 19

Врз основа на член 11 став 1 точка 1 од Законот за Попис на земјоделството во Република Македонија, 2007 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/06 и 113/06), а со цел обезбедување единствени принципи за организирање на попишувањето и единствена примена на методологијата при попишувањето, директорот на Државниот завод за статистика пропишува

# МЕТОДОЛОШКО УПАТСТВО
# ЗА ПОПИШУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИТЕ СУБЈЕКТИ

ВОВЕД

Пописот на земјоделството како и Пописот на населението, домаќинствата и становите претставува масовна, сложена и скапа статистичка активност. На територијата на Република Македонија, по Втората светска војна се спроведени 2 пописа на земјоделството, во 1960 и во 1969 година. Индивидуалните земјоделски стопанства, со определен број на белези, беа опфатени со пописите на населението кои беа спроведени во 1991, 1994 и 2002 година.

Пописот на земјоделството (во натамошниот текст: Попис) претставува процес на прибирање, обработка, оцена, анализа и дисеминација на податоците за состојбата во земјоделството во Република Македонија

Основна цел на Пописот е да се обезбедат точни, сеопфатни и меѓународно споредливи податоци за вкупниот користен земјишен фонд, добиточниот фонд по видови и по категории, земјоделската механизација и опрема, агротехничките мерки и сл.

Агрегираните (збирни) податоци, добиени од податоците собрани со Пописот, освен за статистички цели ќе се користат и за макроекономски планирања, односно за изработка на развојни програми на полето на земјоделството и руралниот развој и за научни и други истражувања. Индивидуалните податоци од Пописот ќе се користат и за воспоставување и водење на статистички регистри во Државниот завод за статистика.

Пописот го организира и спроведува Државниот завод за статистика во соработка со стручни тела и други учесници утврдени во член 18 од Законот за Попис на земјоделството во Република Македонија, 2007 година (во натамошниот текст: Закон за Попис).

Содржината на дефинициите и стандардите кои ќе се употребуваат во неговото спроведување се во согласност со важечките прописи во Република Македонија и препораките на ЕУРОСТАТ[1)], односно Препораките за пописите на земјоделството, 2000 на ФАО[2)].

Пописот ќе се спроведе според состојбата на 31 мај 2007 година и според состојбата во период од една година пред спроведувањето на Пописот (од 1 јуни 2006 до 31 мај 2007 година).

Државниот завод за статистика ќе публикува податоци од Пописот со однапред предвидена содржина и динамика.

## I. ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПОПИСОТ

### Основни карактеристики на Пописот

**Пописот на земјоделството, како масовна активност од која треба да се добијат еднозначни податоци, ги има следните основни карактеристики:**

- Индивидуално попишување што подразбира сите пописни единици, дефинирани како предмет на Пописот, индивидуално да се попишуваат, односно за сите нив да се пополнуваат индивидуални прашалници со податоци по сите белези, дефинирани како содржина на Пописот;
- Универзалност - Пописот ја опфаќа целата територија на земјата и ги опфаќа сите пописни единици-деловни субјекти;
- Истовременост, односно попишување на сите пописни единици во ист, точно дефиниран период, а податоците се однесуваат за ист дефиниран критичен момент/период;

---

[1)] Statistical Office of the European Communities

[2)] Food and Agriculture Organization of the United Nations

- Пописот се заснова на единствена методологија и единствени обрасци, т.е. на единствени дефиниции и класификации на единиците и нивните белези, како и на единствена програмска обработка на податоците и објавување на резултатите;

- Заштита на податоците - претставува законска обврска на сите учесници во Пописот да се грижат за доверливоста на собраните податоци во согласност со важечките законски решенија;

- Рационалност во сите фази на Пописот, од подготовките до објавувањето на резултатите. Имено, со најмалку можно потрошени средства да се обезбедат квалитетни податоци со кои ќе бидат задоволени целите на Пописот. Меѓутоа, намалувањето на трошоците никогаш нема да се врши на сметка на квалитетот на податоците.

**Одделни поими кои се употребуваат во ова методолошко упатство**

**1. Деловен субјект** - се подразбираат сите правни и физички лица што вршат дејност, со седиште на територијата на Република Македонија, регистрирани од надлежен орган во согласност со закон, односно основани со закон, како и организационите единици на странски друштва и странски трговци поединци кои вршат дејност на територијата на Република Македонија.

**2. Единица во состав на деловниот субјект** - се подразбира подружница, претставништво или друга организациона единица (продавница, магацин, погон и др.), организирана со одлука на деловниот субјект според прописите на Република Македонија. Единицата во состав нема својство на правно лице, работи под фирмата на деловниот субјект што ја организирал и може да ги врши сите дејности од предметот на работење на деловниот субјект.

**3. Единствен матичен број на субјектот** е единствен и неповторлив број и претставува идентификатор на деловниот субјект, што се доделува при првиот упис и не може повторно да се додели на друг деловен субјект. До 29.12.2005 година овој број го доделуваше Државниот завод за статистика (БДС), а од 04.01.2006 година овој број го доделува Централниот регистар на Република Македонија (ЕМБС).

**4. Реден број на единицата во состав** претставува четирицифрен број кој се доделува последователно за секоја организациона единица во рамките на деловниот субјект, почнувајќи од 0001 и оди до број колку што има единици во состав, а служи како идентификација на единицата на деловниот субјект во чиј состав е.

**5. Облик на организирање на деловниот субјект** - се подразбира правната форма на организација на деловниот субјект (на пример: друштво со ограничена одговорност, друштво со ограничена одговорност основано од едно лице, акционерско друштво, јавно трговско друштво, трговец поединец, водна заедница, задруга и др.).

**6. Сопственост** - се подразбира видот на сопственоста над средствата со кои работи деловниот субјект. Во однос на тоа, постојат пет видови на сопственост: општествена, приватна, задружна, мешовита, државна и недефинирана.

**7. Претежна дејност** - претставува дејност во која, од сите регистрирани дејности, деловниот субјект остварува најголем дел од вкупниот приход, односно дејноста во која има најголем број на вработени.

**Организација на Пописот**

Организацијата на Пописот е во надлежност на Државниот завод за статистика.

Пописот се спроведува врз основа на единствена методологија на целата територија на Република Македонија.

Доставувањето на пописните обрасци до деловните субјекти се врши во периодот од 15 до 20 мај 2007, а доставувањето на пополнетите пописни обрасци од деловните субјекти до Државниот завод за статистика, по пошта, се врши од 01 до 05 јуни 2007 година.

Податоците се обработуваат и резултатите се објавуваат по единствена програма за нивна обработка и објавување. Сите пополнети пописни обрасци се доверливи документи и претставуваат службена тајна.

## II. ЕДИНИЦИ КОИ СЕ ПОПИШУВААТ

**Со Пописот ќе се опфатат следните единици:**

- Деловните субјекти и единиците во состав на деловните субјекти кои во согласност со Националната класификација на дејностите, според претежната дејност се распределени во секторот Земјоделство, лов и шумарство и

- Деловните субјекти и единиците во состав на деловните субјекти кои во согласност со Националната класификација на дејностите, според претежната дејност не се распределени во секторот Земјоделство, лов и шумарство, но вршат активности во овој Сектор (земјоделски училишта, казнено-поправни домови, земјоделски научни институти, верски заедници и други).

## III. КРИТИЧЕН МОМЕНТ НА ПОПИСОТ, НАЧИН НА ПОПИШУВАЊЕ, ИНСТРУМЕНТИ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПОПИСОТ

Состојбата на одредена појава, во одреден временски пресек, во статистиката се нарекува "**критичен момент на Пописот**".

Критичен момент во Пописот на земјоделството е 31 мај 2007 година.

За одредени прашања, податоците се прибираат за состојбата во периодот од една година пред Пописот, односно од 1 јуни 2006 до 31 мај 2007 година.

**Сите промени настанати по критичниот момент, не се внесуваат во пописните обрасци.**

Податоците за деловните субјекти и единиците во состав на деловните субјекти кои вршат земјоделско производство ги пополнува овластено лице, а ги заверува одговорното лице - управител/раководител на деловниот субјект.

За прибирање на податоците ќе се користи **Образец ЗЕМ.П.2 (Прашалник за деловни субјекти)** за секој деловен субјект и единица во состав на деловен субјект, посебно.

**Пополнувањето на обрасците се врши исклучиво со хемиски молив во сина боја.**

Податоците што ќе се приберат со Пописот претставуваат доверливи податоци и подлежат на посебна заштита која ќе биде обезбедена во сите фази на реализацијата на Пописот (прибирање, контрола, обработка и објавување на резултатите), а во согласност со одредбите од Законот за Пописот на земјоделството ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/06 и 113/06), Законот за државната статистика ("Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97) и Законот за заштита на личните податоци ("Службен весник на Република Македонија" бр. 07/05).

Обврските во однос на почитувањето на одредбите за заштита на личните податоци се однесуваат на сите лица кои по кој било основ учествуваат во Пописот.

- Индивидуалните податоци што ќе се приберат со Пописот имаат статус на доверливи податоци, заштитени со закон и тие можат да се користат само за статистички цели;
- Индивидуалните податоци прибрани со Пописот нема да се користат за донесување на какви било одлуки во врска со деловниот субјект на кој се однесуваат;
- Објавувањето на резултатите од Пописот ќе биде на начин кој ќе оневозможи препознавање на деловниот субјект на кој тие се однесуваат;
- Во текот на Пописот и потоа ќе бидат преземени пропишаните организационо-технички мерки во врска со чувањето и заштитата на податоците од Пописот.

Директорот на Државниот завод за статистика со правилник ќе ги пропише мерките и техниките за заштита на податоците од Пописот.

## IV. ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАШАЛНИКОТ ЗЕМ.П.2

Прашалникот ЗЕМ.П.2 е образец во кој се запишуваат податоци за земјишниот фонд, добитокот по видови и по категории, објектите, земјоделската механизација и опрема, агротехничките мерки, вработените и користењето на енергентите.

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**Назив (фирма) на деловниот субјект (полн назив)** - се впишува полниот назив на деловниот субјект во облик во кој е наведен во статутот, односно како што е регистриран во надлежниот регистар, а единицата во состав на деловниот субјект го впишува полниот назив на деловниот субјект во чиј состав е, како и својот назив.

**- Пример за деловен субјект:**

**Назив (фирма) на деловниот субјект (полн назив)**
Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало "Рај" ДОЕЛ извоз увоз

**Единствен матичен број на субјектот** - во кућичките се впишува бројот на деловниот субјект од Решението издадено од Државниот завод за статистика (БДС) / од Решението издадено од Централниот регистар на Република Македонија (ЕМБС).

**Реден број на единицата во состав** - за деловниот субјект без единица во состав, во кућичките се впишуваат нули.

**- Пример за единица во состав:**

**Назив (фирма) на деловниот субјект (полн назив)**
Друштво за производство, трговија и услуги МЕСО ПРОДУКТ ДОО увоз-извоз - Работна единица Кланица со производство

**Единствен матичен број на субјектот -** во кућичките се впишува единствениот матичен број на деловниот субјект од Решението издадено од Државниот завод за статистика (БДС)/од Решението издадено од Централниот регистар на Република Македонија (ЕМБС).

**Реден број на единицата во состав -** во кућичките се впишува редниот број на единицата во состав од Списокот на распределени единици во состав на деловниот субјект, издаден од Државниот завод за статистика/Централниот регистар на Република Македонија.

## 2. ПОДАТОЦИ ЗА СЕДИШТЕТО

Податоците за седиштето се однесуваат на општината, населеното место, улицата и кућниот број на кои се води деловниот субјект/единицата во состав. Се впишува последното седиште на деловниот субјект/единицата во состав, наведено во статутот, односно како што е регистрирано во надлежниот регистар.

Деловниот субјект/единицата во состав, кај податоците за седиштето го запишува и телефонскиот број и бројот на факсот.

Покрај податоците за седиштето, податок се запишува и за населеното место на чија територија се одвива производството на деловниот субјект/единицата во состав.

## 3. ОСТАНАТИ ПОДАТОЦИ

**Облик на организирање на деловниот субјект** - се впишува троцифрената шифра за правниот облик на внатрешната организација на деловниот субјект која се презема од Решението издадено од Државниот завод за статистика/Централниот регистар на Република Македонија.

Доколку деловниот субјект го нема Решението, на линијата со текст ја впишува правната форма на организирање.

**Сопственост на деловниот субјект** - се запишува видот на сопственоста над средствата со кои работи деловниот субјект.

**Претежна дејност (класа/поткласа, според НКД Рев.1) -** за деловните субјекти во кућичките се впишува шифрата на класата/поткласата од Решението издадено од Државниот завод за статистика/Централниот регистар на Република Македонија, а за единиците во состав, во кућичките се запишува шифрата на класата/поткласата од Списокот на распределени единици во состав на деловниот субјект, издадена од Државниот завод за статистика/Централниот регистар на Република Македонија.

Во случај кога фактичката претежна дејност на деловниот субјект/единицата во состав на деловниот субјект е различна од дејноста утврдена во Решението/Списокот, треба да се впише шифрата на класата/поткласата на фактичката претежна дејност. Доколку лицето што го пополнува прашалникот не ја знае шифрата на фактичката претежна дејност (ако се разликува од дејноста утврдена во Решението/Списокот), на линијата, описно (со текст), се наведува која дејност ја врши.

## 4. КОРИСТЕНО ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ НА ДЕЛОВНИОТ СУБЈЕКТ

Под поимот користено земјоделско земјиште се подразбира земјиштето кое се користи за одгледување на земјоделски култури. Тоа претставува збир од површините на користени ораници и бавчи, овоштарници, лозја, ливади, пасишта и расадници на земјоделското земјиште.

**Прашањата за користеното земјоделско земјиште на деловниот субјект се однесуваат на состојбата на ден 31 мај 2007 година, а површината се изразува во хектари и во м$^2$.**

**1 хектар (ха) =10 декари=100 ари=10.000 м$^2$**
**1 декар=10 ари=1.000 м$^2$**
**1 ар=100 м$^2$**

***1. Сопствено земјиште***

Податокот се однесува на вкупното користено земјоделско земјиште во сопственост на деловниот субјект.

***2. Земјиште земено во закуп***

Податокот се однесува на земјоделското земјиште што деловниот субјект го користи, но тоа е земено во закуп.

***3. Земјиште дадено во закуп***

Податокот се однесува на површината на земјоделското земјиште што деловниот субјект ја дало во закуп.

***4. Вкупно користено земјоделско земјиште*** *(1+2-3)*

Прашањето се однесува на вкупното земјоделско земјиште што го користи деловниот субјект на 31 мај 2007 година. Во кућичките се впишува збирот од сопственото користено земјоделско земјиште и земјоделското земјиште земено во закуп, намален за земјоделското земјиште дадено во закуп **(1+2-3).**

## 5. ВКУПЕН БРОЈ НА ОДВОЕНИ ДЕЛОВИ НА КОРИСТЕНО ЗЕМЈИШТЕ

(податокот се однесува на прашање 4, ред 4)

Податокот на ова прашање се однесува на бројот на одвоените делови на **користеното земјоделско земјиште** (**прашање 4, ред 4**). Се впишува вкупниот број на одвоени делови на земјоделското земјиште што го користи деловниот субјект на 31 мај 2007 година.

**Одвоен дел** претставува секоја површина на земјоделско земјиште што ја користи деловниот субјект или единицата во состав, обиколена со туѓа површина на земјиште, независно дали се наоѓа во населеното место каде што се наоѓа седиштето на деловниот субјект или во друго населено место во Република Македонија. Одвоениот дел може да се состои од една или повеќе катастарски парцели и на него може да се наоѓаат една или повеќе земјоделски култури (градинарски посеви, индустриски посеви, овоштарници, ливади и др.).

Земјоделското земјиште земено во закуп (**прашање 4, ред 2**), доколку се граничи со земјиштето на деловниот субјект или единицата во состав, не се смета за одвоен (посебен) дел. Во спротивен случај (доколку не се граничи), се смета за одвоен дел на користено земјоделско земјиште.

Ако целокупното земјиште се наоѓа во еден комплекс, во кућичките се впишува **1**.

**6. КОРИСТЕНИ ОРАНИЦИ И БАВЧИ**

**Ораници и бавчи** се површини на земјиштето кои редовно се обработуваат и посевите се сеат/садат по одреден редослед (плодоред). Плодоред претставува редовна и однапред одредена смена на посевите со цел поефикасно користење на земјиштето. Податокот се однесува на период од една година, односно од 01.06.2006 до 31.05.2007.

**7. ОВОШТАРНИЦИ**

Овоштарници се земјоделски површини на кои се одгледуваат овошни стебла за производство на овошје. Се впишуваат површините на сите овоштарници, без оглед на тоа како се уредени насадите, колкаво е растојанието помеѓу стеблата и дали се употребуваат агротехнички и механизирани мерки за обработка.

Податокот за површината на овоштарници се однесува на состојбата на 31 мај 2007 година и треба да е еднаков на прашањето 18, ред 11, колона 5.

**8. ЛОЗЈА**

Лозја се земјоделски површини на кои се одгледуваат пенушки винова лоза за производство на грозје, со вообичаено растојание на одгледување за одредена сорта.

Податокот за површината на лозја се однесува на состојбата на 31 мај 2007 година и треба да е еднаков на прашањето 19, ред 3, колона 5.

**9. ЛИВАДИ**

Ливада претставува земјоделско земјиште кое се користи за одгледување на тревни, односно фуражни растенија. Ливадата може да е засеана или природна (самоникната).

Податоците за ливадите кои редовно се косат неколку пати годишно, односно се косат барем еднаш во текот на вегетациската сезона, се однесуваат на состојбата на 31.05.2007.

**10. ПАСИШТА**

Пасиште претставува земјоделско земјиште кое се користи за пасење на добитокот. Вклучени се сите пасишта: низински (интензивни) и ридско-планински (екстензивни).

Се попишува површината на земјиште (сопствено и/или земено во закуп) за пасење на добитокот во текот на вегетациската сезона, односно барем во еден дел од годината. Податокот се однесува на 31.05.2007.

Пасиштата кои не се користеле подолго од една година се впишуваат во прашање 13, "Друго земјиште".

**11. РАСАДНИЦИ, ВКУПНО**

Податокот за расадници се однесува на површината за производство на садници на земјоделско земјиште, без оглед на тоа за какви видови садници се користат (шумски, парковски, овошни или лозови), според состојбата на 31.05.2007.

**12. ШУМСКО ЗЕМЈИШТЕ**

Под шумско земјиште се подразбира површина обрасната со шумски дрвја, шумски грмушки, како и површина под шумски расадници засадени на шумско земјиште. Под шумско земјиште се подразбира и површина засадена со ветрозаштитни појаси, како и голините во рамките на шумата. Податокот за шумското земјиште се впишува според состојбата на 31.05.2007.

**13. ДРУГО ЗЕМЈИШТЕ**

Категоријата "друго земјиште" ја сочинуваат земјоделското некористено земјиште и необработливото земјиште. Податокот се однесува на состојбата на 31.05.2007.

**- Земјоделското некористено** земјиште претставува земјоделска површина со која располага деловниот субјект, но која во критичниот момент на Пописот не се обработува од економски или

од други причини, односно не се користи за земјоделско производство. Оваа површина не влегува во системот на плодоред.

- Под **необработливо земјиште** се подразбира земјиште под згради, патишта, дворови, каменоломи, рибници, бари, карпести површини, песочишта и слично.

### 14. ВКУПНО ЗЕМЈИШТЕ СО КОЕ РАСПОЛАГА ДЕЛОВНИОТ СУБЈЕКТ
(прашање 4, ред 4 + прашање 12 + прашање 13)

Податокот претставува збир на вкупното користено земјоделско земјиште, шумското и другото земјиште и се однесува на состојбата на 31.05.2007.

### 15. ПОВРШИНИ НА КОРИСТЕНИ ОРАНИЦИ И БАВЧИ

На ораниците и бавчите се одгледуваат житни, индустриски, градинарски и добиточни растенија, цвеќе, лековити и ароматични растенија, украсни растенија, семенски и саден материјал.

Доколку на иста површина во текот на годината се сеат или садат повеќе култури (истовремено или последователно), површината се пресметува само еднаш при што се впишува податокот за **главниот посев**.

**Главен посев** се определува во случај кога во текот на годината на една иста површина се одгледуваат повеќе посеви истовремено или еден по друг (последователно). **Во тој случај, главен посев е посевот со највисока производствена вредност**. Доколку не е можно да се определи главен посев според висината на вредноста на производството, тогаш како главен посев се определува оној посев кој е присутен на површината подолг временски период.

**Угари и други незасеани ораници и бавчи** се површини кои се вклучени во плодоредот, но од кои не се добива принос во текот на годината (**угари**) или кои заради одредени причини (поплави, недостиг на вода и слично) не се засеани.

**Ако од овие површини не се добиваат приноси повеќе од 5 години, тие се попишуваат во "Друго земјиште".**

Податокот за **вкупно зеленчук** треба да е еднаков на прашањето **16, ред 14, колона 1.**

Податокот за **цвеќе и украсни растенија** треба да е еднаков на прашањето **16, ред 15, колона 1.**

**Збирот на површините од 1 до 22 се впишува во ред 23 ("Вкупно користени ораници и бавчи") и е еднаков на прашањето 6.**

Податоците се однесуваат за период од една година, односно од 01.06.2006 до 31.05.2007.

### 16. ЗЕЛЕНЧУК, ЦВЕЌЕ И УКРАСНИ РАСТЕНИЈА

Се впишуваат површините под зеленчук, цвеќе и украсни растенија (без расадници) на отворено и под заштитен простор, за периодот од 01.06.2006 до 31.05.2007.

Податоците за **површини на отворено** се однесуваат на засеаните површини со посеви кои се одгледуваат на отворено, во плодоред со други посеви.

Површините **под заштитен простор** се однесуваат на површини под посеви кои целиот или поголемиот период на одгледување се покриени со цврста или мека пластика (пластеници) или со стакленици.

### 17. МЕЃУПОСЕВИ, ПОТПОСЕВИ И ДОПОЛНИТЕЛНИ ПОСЕВИ НА ОРАНИЦИТЕ И БАВЧИТЕ

Се впишуваат површините на посевите засеани заедно со главниот посев (меѓупосеви, потпосеви), како и површините со посеви кои се засеани по прибирањето на главниот посев (дополнителни посеви) и ги претставуваат меѓупосевите и потпосевите во периодот од 01.06.2006 до 31.01.2007.

**Површините на меѓупосевите, потпосевите и дополнителните посеви се веќе прикажани во површините на главниот посев и не влегуваат во површината на вкупното користено земјоделско земјиште.**

**18. ОВОШТАРНИЦИ**

Податоците се однесуваат на вкупниот и родниот број на овошни стебла, вкупниот и родниот број на овошни стебла под плантажни насади, како и вкупната површина и површината под плантажни насади според состојбата на 31.05.2007.

Во **вкупен број на овошки** се вклучени сите овошни стебла, без разлика на староста и родноста.

**Родни овошки** се овошни стебла кои се способни да дадат род во текот на годината, независно дали имале род во тековната година.

**Плантажни насади** се површини под овошни стебла каде што се применува интензивен начин на одгледување, односно се применуваат современи агротехнички мерки.

**Во "вкупно овошни насади" (ред 11) се впишуваат збирови на редовите од 1 до 10 во секоја од колоните од 1 до 6**.

**19. ЛОЗЈА**

Податоците за лозја се однесуваат на насади за вински и трпезни сорти според состојбата на 31.05.2007.

Се впишува вкупниот и родниот број на пенушки, вкупниот и родниот број на пенушки под плантажни насади, како и вкупната површина и површината под плантажни лозја.

Во **вкупниот број на пенушки винова лоза** се вклучени сите пенушки винова лоза без разлика на староста и родноста.

**Родни пенушки** се оние кои се способни да дадат род во текот на годината, независно дали имале род во тековната година.

**Плантажни лозови насади** се површини на винова лоза каде што се применува интензивен начин на одгледување, односно се применуваат современи агротехнички мерки.

**Во "вкупно лозови насади" (ред 3) се впишуваат збирови на редовите 1 и 2 за секоја од колоните од 1 до 6**.

**20. ДОБИТОК ПО ВИДОВИ И ПО КАТЕГОРИИ**

Податоците за добитокот по видови и по категории се однесуваат на состојбата на 31 мај 2007 година. Се попишуваат сите видови и категории на добиток, без оглед на тоа дали во времето на Пописот се сместени кај деловниот субјект или се на друго место.

***Коњи***

Се впишува бројот на сите коњи, вкупно (ждребиња, кобили и ждребици, пастуви и кастрирани коњи), без оглед на нивниот пол, староста и намената на чување.

***Говеда до 1 година***

Говедата **до 1 година** се попишуваат според полот (машки и женски грла говеда).

***Говеда од 1 до 2 години***

Говедата **од 1 до 2 години** се попишуваат според полот и намената (машки грла и женски грла за гоење и приплод).

***Говеда над 2 години***

Говедата стари **над 2 години,** исто така, се попишуваат според полот и намената (машки грла-бикови и волови и женски грла-јуници, стелни јуници, молзни крави и други крави).

**Машки грла (бикови и волови)**

**Бикови** се машки приплодни грла.

**Волови** се машки кастрирани грла, стари над 2 години, кои се користат за работа.

**Јуници** се говеда од женски пол, стари над 2 години, кои се́ уште не се телеле.

**Стелни јуници** се говеда од женски пол, стари над 2 години, од кои се очекува првиот подмладок (пород).

**Молзни крави** се крави кои се чуваат за производство на млеко. Тука се вклучени и стелните крави кои моментално не се молзат. Молзните крави кои се товат по последната лактација и се наменети за колење, до моментот на Пописот, се вклучуваат во оваа категорија.

**Други крави** се женските грла говеда кои се чуваат главно за одгледување на телиња и кои не се молзат. Тука се вклучени и кравите кои по телењето се користат за работа, како и други крави наменети за колење.

***Овци***

Овците се попишуваат според староста и намената (јагниња и шилежиња, овци-женски грла за приплод и овни и други пораснати овци).

**Јагниња и шилежиња** се млади овци од двата пола, до 1 година старост.

**Овци и женски грла за приплод** се женските грла над една година старост кои веќе се објагниле и оние од кои се очекува прв подмладок.

**Овни и други овци** - се впишува податок за сите машки грла и за сите останати грла (јалови овци и др.) Тука се вклучени и овците за колење кои веќе се објагниле.

***Кози***

**Козите** се попишуваат според староста и намената (јариња, кози-молзни женски грла за приплод, како и јарци и други пораснати кози).

**Јариња** се млади кози од двата пола, до една година старост.

**Кози** се женски грла за приплод над една година старост кои веќе се окозиле и оние од кои се очекува прв подмладок.

**Јарци и други кози -** се впишува податок за сите машки грла и за сите останати грла (јалови кози и др.). Тука се вклучени и козите за колење кои веќе се окозиле.

***Свињи***

Свињите се попишуваат според тежината и намената. Податоци се прибираат за прасиња до 20 кг, свињи од 21 до 50 кг, свињи за тов (51-80 кг, 81-110 кг и над 110 кг) и свињи за приплод (назимки, спрасни назимки, маторици и нерези).

**Назимки** се одбрани млади женски грла за приплод кои сé уште не се оплодиле.

**Спрасни назимки** се млади приплодни женски грла од кои се очекува првиот подмладок.

**Маторици** се женски приплодни грла кои се праселе барем еднаш. Тука не се вклучуваат маториците кои се товат пред колење.

**Нерези** се машки приплодни грла. Тука не се вклучуваат нерезите кои се товат пред колење.

***Зајаци, вкупно***

Се попишуваат сите зајаци на деловниот субјект, без оглед на видот, староста, полот и намената.

***Живина***

Живината се попишува според видот и намената, според полот и староста.

**Бројлери** се пилиња наменети за тов.

**Несилки** се сите кокошки кои почнале да несат, без оглед на тоа дали јајцата се за консумна употреба или за насад. Тука се вклучени младите кокошки пред несење и старите кокошки несилки (наменети за колење).

За **гуски и мисирки** се впишува вкупниот број без оглед на староста, полот и намената.

**Друга живина** се однесува на петли, шатки, бисерки, препелици, фазани и друго, без оглед на староста, полот и намената.

***Пчелни семејства, вкупно***

Се попишуваат сите пчелни семејства на деловниот субјект, без оглед на начинот на одгледување (со кошница, сандак и слично).

**ОБЈЕКТИ НА ДЕЛОВНИОТ СУБЈЕКТ**

Објект на деловниот субјект е секој самостоен градежен објект што има четири постојани ѕидови покриени со покрив, со еден или повеќе влезови.

Како објекти на деловниот субјект не се сметаат објектите кои се изградени од слаб материјал (керпич, плитар, штици и друго). За објектите се прибираат податоци за вкупниот број на објекти, бројот на објекти со старост до 20 години и површината и зафатнината на објектите, според состојбата на 31.05.2007.

Во случај да се користат повеќе објекти со иста намена, нивниот број, површина и зафатнина се искажува збирно. Доколку објектот е постар од 20 години, но на него се правени комплетни реконструкции и/или доградби, тој се смета како објект со старост до 20 години.

**Површина ($м^2$)** - претставува податок за корисната површина на објектите со иста намена која се пресметува како збир на корисните површини на сите делови од објектите, мерени од внатрешната страна на ѕидовите. Податокот за површината се изразува во квадратни метри ($м^2$).

Кај земјоделските објекти, како што се свињарници, живинарници, коњушници и штали за говеда и друго, се смета само површината под покрив, но не и оградените простори (испусти) што не се под покрив.

**Зафатнина - волумен ($м^3$)** - зафатнината на еден објект се пресметува како збир на зафатнините на одделните делови на објектот, при што површината на соодветните делови на објектот се множи со просечната висина на тој дел на објектот.

За објектите како што се резервоари и силоси, се искажува соодветната шуплина во $м^3$, што значи, без дебелината на надворешните ѕидови и облоги, не пресметувајќи гиископините над пропишаниот профил.

Објектот кој има **повеќе простории или повеќе нивоа** со различна намена, се попишува според претежноста на намената.

Површината или зафатнината на два или повеќе објекти со иста намена се искажува збирно.

Според намената, објектите на деловниот субјект се групираат на објекти за сместување на добиток и живина, објекти за сместување на органско ѓубриво и други објекти на деловниот субјект.

**21. ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ НА ДОБИТОК И ЖИВИНА**

Како објекти за сместување на добиток и живина се сметаат сите објекти на деловниот субјект кои се наменети **за сместување на крупниот (коњи и говеда) и ситниот добиток (овци, кози и свињи), живината и други видови животни, како и одгледувалиштата** што се регистрирани во системот за идентификација и регистрација на животни кои се одгледуваат на деловниот субјект.

**Одгледувалиште** е каков било објект, градба или во случај на отворено, какво било место во кое животните, опфатени со Законот за идентификација и регистрација на животните ("Службен весник на Република Македонија" бр. 69/04) се чуваат, одгледуваат или држат.

За одгледувалиштата-објектите се прибира податок за регистарскиот број од системот за идентификација и регистрација, доколку е доделен од Ветеринарната управа.

**22. ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ НА ОРГАНСКО ЃУБРИВО**

Како објекти за сместување на органско ѓубриво се сметаат сите објекти на деловниот субјект наменети **за сместување на цврстото (измет) и течното (урина) органско ѓубриво**, без оглед на тоа дали е добиено од животните на деловниот субјект или е набавено од други.

**23. ДРУГИ ОБЈЕКТИ НА ДЕЛОВНИОТ СУБЈЕКТ**

Податоци се прибираат за сите други објекти на деловниот субјект кои не се опфатени со прашањата 21 и 22.

Како други објекти не се сметаат визбите и таваните без оглед на тоа што можат да се користат за сместување на земјоделски или други производи, освен ако не се специјално изградени за сместување на земјоделски или други производи (вински визби и сл.).

Како други објекти се сметаат:

***Објекти за сместување на земјоделските производи*** -наменети се за складирање на сите земјоделски производи произведени од деловниот субјект (чување компир, јаболка, сирење и сл.).

***Објекти за сместување на други производи*** -овие објекти служат за сместување на неземјоделски производи кои се произведени од деловниот субјект (дрва, шумски производи, консумна риба и сл.).

**Објекти за сместување на земјоделски машини и опрема** - се објекти кои служат за сместување и поправање на земјоделските машини и опремата.

***Рибници*** **-**се попишуваат сите рибници кои служат за мрестење и за одгледување на консумна риба и подмладок.

***Објекти за производство на печурки*** -овие објекти се наменети или адаптирани исклучиво за производство на печурки од сите видови. Податоците се однесуваат на корисната површина, односно зафатнината на сандаците или вреќите. Доколку на истата површина (во сандаците, вреќите и сл.) подлогата за одгледување на печурките (компост, слама) се нанесува повеќепати во текот на годината, односно доколку на една иста површина има повеќе турнуси, површината се пресметува само еднаш.

***Стакленици*** -се попишуваат сите стакленици (под висок заштитен простор) кои може, но не мора, да имаат вградено вообичаени инсталации (уреди за проветрување, наводнување, греење и слично).

***Пластеници*** -се попишуваат сите пластеници (под висок заштитен простор) од тврда или мека пластика кои може, но не мора, да имаат вградено вообичаени инсталации (уреди за проветрување, наводнување, греење и слично).

## 24. ЃУБРЕЊЕ

Се прибираат податоци за површината на земјиштето која е третирана со минерални и органски ѓубрива во периодот од 01.06.2006 до 31.05.2007.

**1. Површина третирана со минерални ѓубрива** - претставува површина третирана со азотни, фосфорни, калиумови и мешани ѓубрива.

**2. Површина третирана со органски ѓубрива** - претставува површина третирана со ѓубрива од органско потекло, произведени во деловниот субјект или набавени од други.

Во случај кога една иста површина е третирана повеќепати, таа се пресметува и се впишува само еднаш. Доколку на истата површина се користи и минерално и органско ѓубриво, податокот за третираната површина треба да се однесува на претежно користеното ѓубриво на таа површина.

## 25. ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА

Се прибираат податоци за површината на земјиштето третирана со средства за заштита на растенијата од плевели, болести, штетни инсекти и животни, во периодот од 01.06.2006 до 31.05.2007.

Во случај кога една иста површина е третирана повеќепати, таа се попишува само еднаш. Доколку на истата површина се користат различни пестициди, податокот за третираната површина треба да се однесува на претежно користеното средство за заштита на таа површина.

Средства за заштита се:

**а) Хербициди** се пестициди кои се користат за уништување на штетните треви-плевели.

**б) Инсектициди** се пестициди кои се користат за уништување на штетните инсекти.

**в) Фунгициди** се пестициди кои се користат за уништување на габите кои предизвикуваат болести.

**г) Родентициди** се пестициди кои се користат за уништување на штетните глодари.

## 26. МЕХАНИЗАЦИЈА И ОПРЕМА НА ДЕЛОВНИОТ СУБЈЕКТ

Механизацијата и опремата се попишуваат според сопственоста и староста, без разлика на типот и производителот од кој се набавени.

Како механизација и опрема на деловниот субјект се сметаат механизацијата и опремата кои се во исправна состојба или кои со мала поправка може да се доведат во исправна состојба.

Податоци се прибираат за вкупниот број на сопствена механизација и опрема, бројот на сопствена механизација и опрема со старост до 10 години и бројот на сопствена механизација и опрема со старост од 10 до 20 години, според состојбата на 31.05.2007.

Се попишува и механизацијата и опремата земени на користење од други субјекти во периодот од 01.06.2006 до 31.05.2007.

**Доколку механизацијата и опремата на деловниот субјект се во сосопственост со друг субјект, се попишуваат во деловниот субјект каде што се затекнале на 31 мај 2007 година.**

Се прибираат податоци за:

**Едноосовински трактори** - во оваа група спаѓаат тракторите со една оска (со 2 тркала) како што се мотокултиваторите, мотофрезите и слично;

**Двоосовински трактори** - во оваа група спаѓаат тракторите со две оски (со 4 тркала) и тракторите гасеничари, а се поделени според силата на моторот изразена во киловати (kW), односно во коњски сили (kS);

**Комбајни за жито**;

**Машини за прибирање на земјоделски производи**;

**Машини за сеење, садење и расадување**;

**Други машини** - растурачи на ѓубриво, прскалки и слично;

**Опрема за наводнување** - моторни пумпи и цевки;

**Машини за молзење**;

**Гроздомелачки**;

**Друга опрема** - брани, плугови, валјаци, сушари и слично;

**Транспортни возила** - камиони, комби-возила и други целосно механизирани средства за превоз на производите и материјалите на деловниот субјект;

**Тракторски приколки -** се впишува вкупниот број на тракторски приколки од сите видови, без оглед на носивоста и начинот на истоварање.

## 27. ЗЕМЈОДЕЛСКИ УСЛУГИ

Земјоделските услуги ги опфаќаат сите активности со кои се овозможува унапредување и создавање услови за подобар квалитет на растителното и добиточното производство. Во овие услуги се вклучени сите услуги во периодот од 01.06.2006 до 31.05.2007 година:

**1. Услуги во растителното производство се**: обработка на почвата, ѓубрење, прскање со заштитни средства, прибирање на култури, сортирање, класирање и друго.

**2. Услуги во добиточното производство се**: испасување, потхранување, подготовка на хранливи смески и друго. Во оваа група влегуваат и ветеринарните услуги.

## 28. ПРЕРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

Вклучени се сите преработки на земјоделските производи од сопствено производство или од други (во вино, ракија, сирење, кашкавал, брашно и друго) што се вршат во деловниот субјект, а се реализирани во периодот од 01.06.2006 до 31.05.2007.

## 29. НАВОДНУВАНИ ПОВРШИНИ

Податоци се прибираат за земјоделските површини на деловниот субјект што се наводнувани најмалку еднаш во периодот од 01.06.2006 до 31.05.2007. Површините што се наводнувани повеќепати се впишуваат само еднаш. Притоа, се впишува вкупната наводнувана површина како и:

**- наводнувана површина по групи посеви** - се впишува наводнуваната површина по групи посеви (жита, индустриски култури, зеленчук, фуражни култури, овоштарници, лозја, ливади и други). Површината наводнувана повеќепати се впишува само еднаш и тоа за главниот посев, доколку главниот посев се наводнува. Во случај главниот посев да не се наводнува, се дава податок за меѓупосевот, потпосевот или дополнителниот посев кој има најголемо економско значење за деловниот субјект.

**Збирот од податоците во делот "наводнувана површина по групи" мора да биде еднаков на податокот за "наводнувана површина, вкупно".**

Одговор не се дава за површините под заштитен простор (кои вообичаено постојано се наводнуваат).

**Ако површините се наводнуваат, задолжително се пополнуваат и прашањата 30 и 31.**

**Доколку површините на деловниот субјект не се наводнуваат, на ова прашање и на прашањата 30 и 31 не се дава одговор.**

### 30. НАЈЧЕСТ НАЧИН НА НАВОДНУВАЊЕ

Податоците се однесуваат на најчесто употребуваниот начин на наводнување (доколку се користат повеќе различни начини на наводнување).

***1. Површински***

Површинско наводнување претставува наводнување со поплавување на целата површина што се наводнува или со движење на водата по бразди помеѓу редовите на посевот што се наводнува.

***2. Со оросување***

Оросувањето е начин на наводнување при кој се користат оросувачи-прскалки или топови (без оглед на тоа дали се подвижни или неподвижни) за исфрлање на водата под притисок која паѓа во вид на дожд на површината што се наводнува.

***3. Систем капка по капка***

Системот капка по капка претставува мрежа од црева или цевки, со различна големина и од различен материјал. Водата преку овој систем се доведува близу до коренот на растението со истекување капка по капка или со микрораспрскувач.

### 31. НАЈЧЕСТИ ИЗВОРИ НА ВОДА ЗА НАВОДНУВАЊЕ

Податокот се однесува на изворот од кој се добива најголемото количество вода за наводнување на површините на деловниот субјект (во случај да постојат повеќе различни извори). Имено, деловниот субјект може да користи еден или повеќе извори за наводнување, во зависност од временските услови и достапноста на изворите.

***1. Подземни води***

Во подземни води спаѓаат водите од вештачки (бунари-копани или дупчени) и природни подземни извори на вода. Одговор на ова прашање се дава доколку се користат извори на деловниот субјект или близу до него.

***2. Површински води***

Под површинска вода се подразбира водата добиена од водотеци или водата од природни и вештачки акумулации.

### 32. ВРАБОТЕНИ СПОРЕД ШКОЛСКАТА ПОДГОТОВКА, ВОЗРАСТА И ПОЛОТ

Во табела 32 се даваат податоци за вработените кои имаат склучено договор за вработување со работодавецот на неопределено и на определено време според школската подготовка, возраста и полот, во периодот од 01.06.2006 до 31.05.2007.

**Договор за вработување на определено време се склучува за вршење на работи кои според својата природа траат определено време, со прекин или без прекин до четири години (замена на отсутен работник, работа на проекти, сезонски работи итн.).**

Под **школска подготовка** се подразбира видот на школата со чие завршување лицето стекнало највисок степен на образование**.** Школската подготовка се стекнува со завршување на редовна школа или школа која ја заменува редовната школа (училиште за образование на возрасни) или со полагање на испити во редовна школа или со завршување на некоја програма за скратено школување .

Школската подготовка треба да е стекната според законите за образование во земјата и за нејзино завршување се издава свидетелство, диплома или друг сертификат.

За секој одделен степен на школска подготовка се внесуваат податоци за бројот на вработени и тоа во соодветните колони за возраст и за пол.

**Пример**: во деловниот субјект работат 6 лица (4 мажи и 2 жени) на возраст од 30 години, со завршена школска подготовка - 4 години друго средно образование и 4 лица (3 мажи и 1 жена) на возраст од 40 години, со завршено основно образование. Ова треба да биде запишано на следниот начин: во ред 4, "основно образование", за возрасната група од "35 до 44 г.", во колоната бр.6, "вкупно", се запишува 4, а во колоната бр. 7,"жени", се запишува 1. Во ред 8, - 4 год. друго средно образование, за возрасната група "од 25 до 34 г.", во колоната бр. 4, "вкупно", се запишува 6, а во колоната бр. 5, "жени", се запишува 2.

### 33. ВРАБОТЕНИ СПОРЕД РАБОТНИТЕ ЧАСОВИ

Податоци се пополнуваат за вработените на неопределено време и на определено време, вклучувајќи ги и лицата ангажирани за вршење на сезонска работа во периодот од 01.06.2006 до 31.05.2007 година.

Како лица ангажирани на деловниот субјект за вршење на сезонска работа се сметаат лицата кои повремено биле ангажирани за извршување на земјоделски активности врз основа на договор за вработување на определено време со работодавецот, но и оние лица кои биле ангажирани по друг основ.

Во ред 1, во колоната бр.1,"број на лица", се впишува бројот на вработени мажи на неопределено време, а во ред 2, во истата колона, се впишува бројот на вработени жени на неопределено време.

Во ред 1, во колоната бр. 3, "број на лица", се впишува бројот на вработени мажи на определено време, а во ред 2, во истата колона, се впишува бројот на вработени жени на определено време.

**Податоците кои се впишуваат во колоните 3 и 4 се однесуваат на лицата вработени на определено време и ги исклучуваат лицата кои се вработени на определено време за вршење на сезонски работи.**

Во ред 1, во колоната бр. 5, "број на лица", се впишува бројот на сезонски ангажираните мажи, а во ред 2, во истата колона, се запишува бројот на сезонски ангажираните жени.

Во редот 3, вкупно, се запишува збирот од редовите 1 и 2.

**Податоците кои се впишуваат во колоните 5 и 6 се однесуваат на лицата кои се ангажирани за сезонски работи врз основа на договор за работа на определено време или по друг основ.**

Во колоната 2, "вкупен број на работни часови", се запишува бројот на фактички одработените работни часови на земјоделски активности на деловниот субјект од страна на вработените на неопределено време и тоа по пол (мажи и жени) и вкупно од двата пола.

Во колоната 4, "вкупен број на работни часови", се запишува бројот на фактички одработените работни часови на земјоделски активности на деловниот субјект од страна на вработените на определено време и тоа по пол (мажи и жени) и вкупно од двата пола.

Во колоната 6, "вкупен број на работни часови", се запишува бројот на фактички одработените работни часови на земјоделски активности на деловниот субјект од страна на сезонски ангажираните лица и тоа по пол (мажи и жени) и вкупно од двата пола.

Вкупниот број на работни часови претставува збир на фактички одработените часови на вработен или на самовработен, во периодот од 01.06.2006 до 31.05.2007, во рамките на деловниот субјект.

Во согласност со одредбите на Меѓународната организација на трудот (International Labour Organisation) кои се вклучени во прирачникот за Европскиот систем на сметки, **вкупните фактички одработени часови ги вклучуваат:**

- Фактички одработените часови за време на вообичаеното работно време;
- Дополнително одработените часови, повеќе од часовите за време на вообичаеното работно време (прекувремена работа);
- Времето што се поминува на работното место, на задачи како што се подготовка на теренот, поправка и одржување, подготовка и чистење на алатот, изготвување на потврди, фактури, запишување за должината на времето на работа и друго;

- Неисполнето работно време поминато на работното место заради, на пример, привремено немање на работа, дефект на машините или незгоди, како и времето поминато на работно место во кое не се извршила никаква работа но за кое се врши исплата во рамките на гарантираниот договор за работа;

- Времето кое одговара на кусите периоди на одмор на работното место.

**Фактички одработените часови не ги вклучуваат:**

- Часовите кои се платени, но кои не се работат, како што се платените годишни одмори, државните празници или боледувања;
- Паузите за земање оброк;
- Времето поминато во патување од дома до работното место.

**34. ПОТРОШУВАЧКА НА ЕНЕРГЕНТИ**

Податоците се однесуваат на потрошувачката на енергенти за вршење на дејноста на деловните субјекти во периодот од 01.06.2006 до 31.05.2007 година и тоа: гориво потрошено во сопствени котлари, за транспорт, за загревање на простории, за разладни уреди, за погон на машини и друго.

**1. Јаглен** - ги опфаќа сите видови на јаглен и продукти од јаглен: камен јаглен (коксен, битуминозен, антрацит, суб-битуминозен), мрк јаглен, лигнит, тресет, кокс, брикети од сите видови на јаглен.

**2. Мазут** - се опфаќаат сите видови на мазут.

**3. Течни горива** - опфатени се сите видови добиени со преработка на сурова нафта, освен мазут: ТНГ (течен нафтен гас, пропан, бутан, автоплин), моторен бензин (оловен, безоловен), дизел за транспорт, масло (нафта) за ложење (екстра лесно).

**4. Геотермална топлина** - ја опфаќа геотермалната вода.

**5. Огревно дрво, дрвни отпадоци и друг растителен отпад** - ги опфаќа сите видови огревни дрва и друг растителен отпад.

**6. Друг отпад (без растителен отпад)** - ги опфаќа сите видови отпад без растителен отпад кои се користат како енергенти.

**7. Електрична енергија** - ја опфаќа електричната енергија добиена од дистрибутивната мрежа.

**8. Друго, неспомнато** - ги опфаќа сите останати видови енергенти кои погоре не се споменати: дрвен јаглен (ќумур), брикети од дрво во тони и слично.

**35. ДАЛИ ИМАТЕ КОТЛАРА**

Котлара претставува топлински уред составен од ложиште и изменувачи на топлина и служи за производство на топлинска енергија (врела вода, пареа). Котларата како гориво може да користи јаглен, масло (нафта) за ложење, мазут, огревно дрво, растителен отпад, нерастителен отпад и друго.

Одговор на прашањето за котлара се дава со впишување "x" во соодветната кукичка.

**На крајот на образецот, лицето кое го пополнило прашалникот треба да го запише своето име и презиме и датумот на пополнување.**

**Прашалникот го потпишува управителот/раководителот и се заверува со печат на деловниот субјект.**